Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 3. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 13/2018 и 11/2019), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Оглас за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр. 09-6094/46 од 27.08.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 14/2019 ) Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на Стипендии за за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2019/20 година**

## I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),
- спортистите да се редовни ученици во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош,

## II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2018 година до 31.8.2019 година:

- освоено индивидуално државно првенство I место (1 бод);
- освоено индивидуално државно првенство II место (0,5 бода);
- репрезентативец на Македонија (3 бода);
- награда за индивидуални постигнување на државно првенство (3 бода);
- балканско првенство I или II место (4 и 3 бода).

Останати успеси и резултати кои не се во согласност и организација со календарот на натпревари од национални и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

## III. Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош,
- Потврда од клуб дека е нивен член,
- Биографија на спортистот,
- Изјава од родител/старател дека кандидатот (ученикот) не е приматeл на друга стипендија по било кој основ и на било која област и
- Важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени до два ипол бода (2,50), висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.

За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворено плико во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2019/20 година".

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 20.09.2019 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена**: Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија. Кандидатите кои аплицирале - конкурирале за повеќе различни стипендии по објавени огласи (спорт, образование, култура и други) од Општина Карпош и ги исполнуваат условите за добивање на повеќе од една стипендија, ќе добијат известување од службите во општината и врз основа на сопствен избор ќе се определат за една од стипендиите.

ОПШТИНА КАРПОШ